*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-194*
*27.09.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- Од јужна страна со осовина на река Отиња
- Од југоисточна страна со осовина на ул. „Христијан Тодоровски Карпош"
- Од североисточна страна со осовина на ул.„Славчо Стоименски"
- Од северна страна со осовина на ул. „Иво Рибар Лола"
- Од западна страна со осовина на ул. „Стојан Рибата" и ул.„ Вера Циривири Трена"

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан

Рибата и ул. Вера Циривири вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 28 370,39 m2.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одражување на јавната анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку

информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk